РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-769/12
29-06-2021
______ г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познати подносители - физички лица,на продолжението на 49-та седницаодржано на ден 09 Јуни 2021 година донесе

## Одлука

Постапката покрената по пријавата бр. 12-769/1 од 17.02.2021 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познати подносители,физички лица – Ангелина Тренчева Ангелова и други од Струмица **СЕ ЗАПИРА**.

Наводите изнесени во пријавата за коруптивни дејствија односно злоупотреба на службената положба и несовесно работење во службата во постапката за избор на директор на Националната установа, Центар за култура „Антон Панов“ Струмица **НЕ СЕ ПОТВРДЕНИ**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси,Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-769 од 2021 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-769/1 од 17.02.2021 година.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Предметот со број 12 – 4179 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

## Образложение

Предметот со број 12-769 од 2021 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-769/1 од 17.02.2021 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познати подносители,физички лица – Ангелина Тренчева Ангелова и други од Струмица – сите членови на театарскиот/драмски ансамбл при Националната установа, Центар за култура „Антон Панов„ Струмица, преку адвокат Нетка Ковачева од Струмица.

Со пријавата се изразуваат сомнежи за злоупотреби на службената положба и за несовесно работење во службата од страна на Комисијата за селекција на кандидати за избор на директор и Министерот за култура на РСМ на начин што во постапката за избор на директор на НУ ЦК „Антон Панов„ Стумица со противправно постапување во рамки на своите должности и службена положба, извршиле незаконит избор на директор, кој според подносителите на пријавата, не ги исполнува условите предвидени за вршење на предметната функција.